*АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА НА АДВОКАТ ГРОЗДАН СУТИНОВ*
*ул.ЦАР САМОИЛ бр.8 од Велес*
*тел.070/806-049 , 071/306-049 и 043/223-106*
*сметка број 240290001014295 даночен број 5004005114733*
*депонент Универзална Инвестициона банка АД Скопје*
*e-mail: advsutinov@t-home.mk*

Здружение на приватни лекари во Република Македонија
Бр. 4/20
06.02.2020 год.
СКОПЈЕ

*ДО*
*СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА (ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕ)*

*ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА (ЗА ПРЕМИЕР)*

*МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО (ЗА МИНИСТЕР)*

# БАРАЊЕ

Од Здружение на Приватни Лекари во Р.М. преставувано од Претседател Д-р Лилија Чолакова-Дервишова со седиште на ул.Партизански Одреди бр.3 во Скопје со ЕМБС 5149541 и ЕДБ 4030997339917 и број на жиро сметка 300000000032240 депонент Комерцијална Банка АД Скопје застапувано од Адвокат Сутинов Грозданчо ул.Цар Самоил бр.8 во Велес со е-маил *adv_sutinov@t.mk*.

Почитувани !!!!

Здружение на Приватни Лекари во Р.М. преставувано од Претседател Д-р Лилија Чолакова-Дервишова е Здружение во кое членуваат лекари од Македонија како од општа медицина така и од секундарна здравствена заштита и во своите членови брои преку 2000 .

Оваа бројка зборува дека ова здружение е репрезентативно во дејствијата и работата што ја врши.

Како основни цели и дејностите на Здружениeто се:

1. Да ги штити интересите на членовите на здружението пред сите надлежни републички и општински органи, Министерство за здравство и пред Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија;

2.Со иницијативи и предлози да создаде законски услови за унапредување, збогатување и примена на современа медицинска и техничка опременост на своите членови, заради усовршување на нивото на професионална дејност;

3. Да ги следи и проучува и применува прописите од областа на здравството предлага нивна доградба заради унапредување на здравствената дејност во Република Македонија;

4. Да ги следи и проучува прописите од областа на кредитирањето и вложувањето во областа на здравството од страна на домашните и странските донатори, заради создавање подобри услови за вршење на здравствената дејност;

Дејностите со кои се остваруваат целите на здружението се:

-Со застапување на интересите на членовите на здружението пред сите надлежни републички и општински органи, Министерство за здравство и пред Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија;

-Со давање на разни иницијативи пред надлежени државни органи заради доставување на предлози за создадавање на законски услови за унапредување, збогатување и примена на современа медицинска и техничка опременост на своите членови, заради усворшување на нивото на професионална дејност;

-Со следење, проучување и применува на прописите од областа на здравството;

-Со следење и проучува на прописите од областа на кредитирањето и вложувањето во областа на здравството;

-Со доставување на печатени форми на флаери, весници брошури и разни други форми на запознавање на државните органи и населението;

-Со објавување на постигнатите резултати на интернет мрежа;

-Со организирање на семинари, работилници и програми;

-Со преставување и гостување на членови на здружението пред телевизиите и радијата.

Сигурно сега се прашувате што е целта на ова наше барање што ние бараме како здружение од Вас како државни органи и институции во оваа држава.

Со Уставот и законите во Републиката, на здравството му е дадена посебна гранка, област, а со тоа и значење на здравството кое го има во секој дел од нашиот живот и постоење како човек и како нација.

Ние како луѓе потоа и како лекари сме згрозени од секојдневните состојби во кои се става или го ставаат здравството, а особено примарното здравство како прво и најзначајно во низата за да имаме ЗДРАВО ПОКОЛЕНИЕ, А СО ТОА И ЗДРАВА НАЦИЈА И ЛУЃЕ КОИ ЌЕ ЖИВЕАТ ВО ОВАА НАША ДРЖАВА МАКЕДОНИЈА.

Па, од тука ќе ја започнеме и некако нашата приказна за да подробно бидете запознае низ што се минуваат нашите членови како лекари во оваа наша држава и што навистина бараме од Вас како органи и институции.

Гледајќи Ние, а и Вие како живи луѓе, сведоците сте дека здравството во нашата држава тоне со забрзано темпо и вака нема да оди уште долго бидејќи ако вака оди набрзо ќе имаме целосен колапс.

Гледајќи ги вашите уставни, законски и службени овластувања, бараме од Вас средба на која детално ќе ги образложиме нашите барања, а тие се:

1.Секоја Приватна Здравствена Установа -Амбуланта народски кажано има свои пациенти, кои пак пациенти се поврзани со избран лекар, а не со ПЗУ како правно лице од каде и започнуваат проблемите на нашите членови.

Па, затоа ние бараме пациентите да бидат поврзани со Приватна Здравствена Установа -Амбуланта народски, а не со избраниот лекар.

Младите лекари си идат и одат, а со тоа си одат и пациентите.

Па, затоа бараме пациенти да бидат заведувани на ПЗУ-што преставува стратешко наше барање бидејќи младите лекари идат и си заминуваат, а

сопствениците на ПЗУ имаат проблем со префрлање на пациентите, кога си заминува вработен доктор.

ФЗОМ ги брише сите пациенти кои сопственикот како избран лекар ги запишал на негово име и новиот лекар треба повторно да запишува пациенти за да има квота која треба да му биде исплатена од ФЗОМ.

Имено, секој избран лекар има лимит до 2500 бода на еден доктор, над тој лимит ако некој запишува пациенти ФЗОМ го плака по 70 % од капитациониот бод, а нелогичноста е што работите дупло и за заминатиот доктор, трошите 100% рецепти, ги прегледувате 100%, инекции 100%, а ФЗОМ крати огромна сума само затоа што имате многу пациенти на еден доктор.

Овој лимит беше ставен во период кога имаше многу доктори на Биро за вработување и како опција беше за да се вработуваат втори доктори, но сега во ситуација кога нема млади доктори сметаме да овој лимит МОРА да се тргне и докторот да биде платен за секој пациент 100 проценти.

Каде се видело да ако си замине вработен доктор-фирмата да биде финансиски оштетена. Дали ако си замине доктор од јавно здравство, буџетот на болницата го намалуваат???

Се разбира не, а кај примарното здравство се намалува на 70 % бодот.

2.Втората ситуација која прави проблем кај лекарите е кога си заминува медицинска сестра и не можете да најдете сестри-ФЗОМ не пушта и не плаќа капитација. Има еден нелогичен правилник на Министертвото за Здравство каде вели капитација се исплаќа за тим доктор и сестра. Носител на дејноста е докторот, а не сестрата. Наше барање беше да ако нема медицински сестри на два огласи државата да дозволи да се вработи администратор некој со средно образование. Исто така каде се видело да ако нема сестра, а докторот работи се, дава рецепт и упати, инекции, закажува термини, пружа услуги во здравствениот систем и на крај да не добие исплата за неговиот труд.

ФЗОМ постои за да ги плати услугите од здравствените работници. Милион закони се сменија во државата, а за нас не може ни правилник да се смени. Со новиот договор со ФЗОМ го зголемија рокот на 60 дена за да се најде сестра, но ако во мали и рурални места нема живо пиле, а не пак стручен кадар да се најде. Мора да се прифати нашето барање за администратор и да нема финансиски импликации по Приватна Здравствена Установа -Амбуланта народски.

3.Трет момент важен за опстанокот на приватното здравство е боледување на приватен доктор.

Во јавно здравство ако доктор е подолготрајно болен може да оди колку треба на боледување и болницата или Здравствниот Дом не е оштетена. Но, во приватно здравство ние имаме колеги со карцином на пример на бешика кои примаат хемотерапија и одат на работа -ако отидат на боледување ФЗОМ исплаќа до 270 дена 70 проценти само капитација, а Приватната Здравствена Установа -Амбуланта народски има трошкови, кирии, плати приоднеси за сестра, а тешко се наоѓа замена која би дошла само за одреден период и тие 70 % се префрлаат на доктор кој е замена од друга амбуланта што е апсолутна глупост.

Приватната Здравствена Установа треба да добива 100 проценти исплата и негово е како ќе се договори со друг доктор по пат на облигациони односи -како ќе си ги исплатат услугите и трошковите.

4.Во јавно здравство постојано се покачуваат платите, а кај нас сите реформи почнаа од примарно здравство, а покачување добиваме на четири години по некои трошки. Едноставно не можеме да го следиме по висина на платите и затоа има прелевање на кадар од приватно во јавно здравство, заминуваат најголем број на медицински сестри и доктори.

Пред Уставот приватно и јавното здравство се еднакви, но во реалноста не е така.

Бараме еднакво вреднување на интелектуалниот труд во државата.

Не е во ред работници во одредени фирми да земаат поголема плата од доктори со по 25 години стаж, работа и секојдневна посветеност на здравјето на пациентите.

Важноста на ова наше барање лежи во тежината на проблемите кои се бараат да се решат со него.

Вие како инстутуции и државни органи можете да ги занемарувате нашите барања, можете ова барање да го фрлите во корпа и што ли уште не, но едно знајте дека состојбата во здравстото е таква затоа што благовремено не ги решаваат вашите претходници погоре наведените проблеми и дојдено е до ова ниво каде што сме сега.

Немој да мислите дека со нашите барања не сме ги запознале и вашите претходници. Да, сме ги запознале, но истите немаа ниту слух, ниту чувство, ниту волја да ги решат.

Најлошо е кога овие наши проблем ќе Ве затекнат Вас како луѓе и како пациенти во некоја од нашите Приватна Здравствена Установи, тогаш е касно, тогаш нема назад тогаш не сме ние криви.

Погледнете околу Вас. Ние не бараме милостина, ние бараме решение. Решете ги побараните проблеми и ќе си решите поголем дел од проблемите во здравството.

Имајте доблест погледнете ја вистината, решете го проблемот со лекарите кои работат во Приватни Здравствени Установи -Амбуланти народски кажано.

Во услови кога не ќе има кој повеќе да лечи бидејќи со вакво темпо ќе си заминат сите работоспособни лекари затоа што со вакви услови не може да се работи, а Вас како луѓе ќе ви треба лекар се ќе биде касно.

Затоа бараме средба со Вас. Ние имаме формирано работна група која точно знае кои одредби од кои Закони треба да се сменат.

Претседател
Лилија Чолакова Дервишова

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРИВАТНИ ЛЕКАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ